## ЕЕСТЕК Академија, можност за бесплатни курсеви за личен развој.

*Студентската организација ЕЕСТЕК ЛК Скопје од изминатиот семестар отпочнпа со реализирање на серија на бесплатни курсеви кои се достапни за ограничен број на студенти на УКИМ.*

Идејата зад овој проект е на студентите да им се понуди моќно комплементарно образование надвор од факултетската програма, сé со цел да ги прошират своите видици и да постигнат лично надградување и развој. Темите кои ќе бидат обработени со првата ЕЕСТЕК Акедемија на учесниците на модулите ќе им овозможат стекнување на знаења на теми кои не се опфатени со образовниот систем. Академијата вклучува вкупно 5 модули. Првите три модули беа на темите Behavioral Economics, Mobile application development и Soft Skills, додека пак во наредните модули ќе се обработуваат темите: Game Development и Telecommunications. Секој од овие модули претставува независна единка и пријавувањето и селекцијата за учество на секој од нив е засебно.

ЕЕСТЕК ЛК Скопје ги очекува студентите кои сакаат да си ги прошират знаењата надвор од самите студии и за кои личното надградување претставува секојдневна цел!

**Модул 4 - Game Development**

Смачено ти е од играње туѓи игри? Сакаш да направиш твоја, но не знаеш како? Си се запрашал ли како е направена твојата омилена игра? На сите овие прашања, а и многу други ќе добиете одговор доколку бидете дел од четвртиот модул од ЕЕСТЕК Академија, серија бесплатни курсеви за студенти, која од 23ти до 27ти Април ќе опфати 4 предавања во најпознатиот и најкористениот game engine - Unity.

Предавањата ќе бидат интерактивни, односно ќе се прави мала мини игра во текот на часовите заедно со предавачите. Во која ќе бидат вклучени различни аспекти на Unity, но најголем осврт ќе има на логиката/физиката и програмирањето на играта. Предавачите се победници на минатогодишниот хакатон на Nordeus во Белград, два пати на локалниот Global Game Jam хакатон, зад себе имаат направено голем број на игри, како и учествувано на многу странски конференции и настани за game development.

Предавањата ќе бидат во просториите на ФЕИТ/МФС во Скопје. Не пропуштај ја шансата за твојата прва сопствена игра. Доста беа планови и зборување за креирање игра, време е за акција. Искусните предавачи каде пасијата и желбата им се правење игри, ќе ви помогнат во реализирањето на тие планови. Сѐ што треба да направите е да имате желба за нови знаења и да ја пополните формата за пријавување:

http://bit.ly/ApplyModule4

Прикачете ја својата мотивација во апликацијата, затоа што местата се ОГРАНИЧЕНИ! Не ја пропуштајте оваа уникатна можност на бесплатно образување!!
Аплицирањето трае до 20 Април (понеделник), 23:59 часот.